Врз основа на член 49 став 3 од Законот за процена ("Службен весник на Република Македонија" бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12), Собранието на Комората на проценувачи на ден 29.12.2012 година, донесе:

# С Т А Т У Т
# НА КОМОРАТА НА ПРОЦЕНУВАЧИ

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со Статутот на Комората на проценувачи ( во натамошниот текст: Статут ) се уредува начинот на основањето, организацијата, управувањето, работењето и финансирањето, контролата над работењето на Комората на проценувачи и над овластените проценувачи, дисциплинската одговорност, одземањето на лиценцата и ревизијата на процена.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМОРАТА НА ПРОЦЕНУВАЧИ

### Член 2

Проценувачите на територијата на Република Македонија задолжително се организираат во Комора на проценувачи (во натамошниот текст Комора).

Органи на Комората се:

-Собрание на Комората;

-Управен одбор;

-Претседател на Комората;

-Надзорен одбор;

-Дисциплинска комисија, и

-Комисија за ревизија на процена.

### Член 3

Комората има својство на правно лице. Седиштето на Комората е во Скопје ул. " Јуриј Гагарин " бр. 15 , Општина Карпош - Скопје.

Основањето на Комората се запишува во соодветен регистар на други правни лица што се води во Централниот регистар на Република Македонија. Постапката за упис ја спроведува Претседателот на Комората или од него овластено лице.

## III. ОРГАНИ НА КОМОРАТА

### 1. Собрание на Комората

**Член 4**

Собранието на Комората ( во натамошниот текст: Собрание ) е највисок орган на Комората.

Собранието го сочинуваат сите проценувачи на територијата на Република Македонија, евидентирани во Збирниот регистар на Комората, кој го води Управниот одбор.

Собранието го чува угледот и честа на вршењето на работите на процена и се грижи проценувачите да ги вршат своите должности совесно и во согласност со Законот за процена и други закони, Методологиите за процена, Кодексот на етика на проценувачи и други акти определени со Законот за процена и Статутот на Комората.

Собранието се состанува редовно еднаш годишно и тоа на крајот на месец април. На Собранието е потребно присуство од најмалку половина од вкупниот број на членови. Комората одлучува со мнозинство од присутните членови.

Вонредна седница на Собранието може да свика претседателот на Комората, врз основа на одлука на Управниот одбор или на писмено барање од најмалку 20 членови на Комората. Ако претседателот не ја свика седницата во рок од 30 дена од денот на донесување на одлуката на Управниот одбор, односно поднесување на барањето на членовите на Комората, седницата ќе ја свика членот на Управниот одбор определен од овој орган, односно членовите на Комората кои го поднеле барањето, а во случај и тие да не ја свикаат, седницата на Собранието може да ја свика министерот за правда.

Претседателот на Комората, членовите на Управниот одбор и членовите на другите органи на Комората имаат мандат од 2 (две) години, со право на уште еден избор.

Сите трошоци направени во врска со вршењето на активностите на проценувачите во рамките на нивната дејност во органите на Комората или во групи или комисии, паѓаат на товар на Комората.

**Надлежност на Собранието**
**Член 5**

Собранието ги има следниве надлежности:

- донесува Деловник за работа на Собранието, Статут и Кодекс на етика на проценувачи, по претходна согласност на министерот за правда;
- донесува други акти на Комората и стандарди потребни за вршење на процена;

- избира членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор, претседателот на Комората и Дисциплинската комисија согласно закон;
- разгледува предлози, барања и препораки за успешно вршење на процената и работата на Комората;
- одлучува за начинот и организирањето на почетната и континуираната обука на проценувачите;
- усвојува програма за работа на Комората;
- усвојува годишна сметка за изминатата година и предлог пресметка за наредната година, разгледува и усвојува извештај за севкупните активности подготвен од претседателот на Комората и усвојува програма за работа за наредната година;
- определува висината на надоместокот на членарина која не може да биде пониска од една месечна бруто плата исплатена во Република Македонија и го утврдува начинот на плаќање;
- одлучува за употребата на средствата остварени од парични казни;
- одлучува за начинот на контрола над работата на овластениот проценувачи;
- одлучува за сите други прашања предвидени со закон и овој Статут.

**Управен одбор**
**Член 6**

Управнит одбор:

- утврдува предлог на Статутот и другите акти на Комората;
- превзема и спроведува иницијативи за разгледување на прашања од интерес на проценувачите и за прашања за организирање на осигурувањето на проценувачите;
- донесува Деловник за работа на Управниот одбор;
- врши надзор над спроведувањето на почтната обука на проценувачите и издава уверенија за спроведена почетна обука;
- ги извршува правосилните одлуки на Дисциплинската комисија донесени во дисциплинска постапка;
- се грижи за статусот на проценувачите, односите кон другите органи и воопшто кон трети лица;
- го организира почетното и континуираното стручно усовршување на проценувачите со организирање семинари и предавања, за што изготвува годишна програма и води евиденција за присуство.
- го води и ажурира Збирниот регистар на проценувачите во писмена и електронска форма;
- ги подготвува седниците на Собранието;
- ги извршува одлуките на Собранието;

- составува предлог на годишната пресметка и предлог на финансов план за наредната година,
- се грижи за редовна наплата на членарината;
- предлага членови на Надзорниот одбор;
- именува претседател и еден член на Комисијата за ревизија;
- избира Секретар на Комората по објавен јавен оглас;
- формира комисии и одлучува за други прашања утврдени со закон кои не се во надлежност на другите органи на Комората;
- дава предлог до надлежниот министер за измена и дополнување на методологии и стаданрди потребни за вршење на проценета;
- дава претходно мислење на правилникот за пресметување на наградата и надоместокот за извршена процена до надлежниот министер.

Управниот одбор се свикува од Претседателот на Комората или на барање на една третина од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

За полноважност на одлуките на Управниот одбор потребно е на седницата да присуствуват повеќе од половина од членовите на Управниот одбор. Одлуките на Управниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови на присутните членови на Управниот одбор.

**Член 7**

Работата, начинот на гласање и другите прашања во врска со работењето на Управниот одбор се уредуваат со деловникот за работа на Управниот одбор, донесен од страна на Управниот одбор.

Управниот одбор работи на седници кои се одржуваат најмалку еднаш месечно.

Седницата на Управен одбор ја свикува и со неа раководи претседателот на Управниот одбор.

Одлуките на Управниот одбор се објавуваат на веб страната на Комората.

**Член 8**

Членовите на првиот Управен одбор и членовите на Надзорниот одбор се бираат на основачкото Собрание на Комората, на предлог од кандидационата комисија формирана од министерот за правда.

Сите натамошни, последователни избори на членови на Управниот одбор се избираат врз основа на спроведен јавен оглас.

Управниот одбор го сочинуваат седум члена и тоа претседател и шест членови со мандат од две години, со можност на уште еден избор.

За член на Управен одбор може да биде избран проценувач во Комората.

Управниот одбор од своите редови избира потпретседател на Комората.

**Член 9**

Функцијата на член на Управен одбор ќе престане:

-со истек на мандатот

-по сопствено барање со поднесување оставка

-со престанување на членството во Комората односно бришење од соодветниот Регистар;

-во случај на трајна спреченост

-во други случаи согласно закон.

По поднесена оставка од страна на член на Управниот одбор, не се одлучува за нејзино прифаќање туку истата се смета за прифатена со денот на поднесувањето.

Предлог за разрешување на член на Увниот одбор може да поднесе:

-министерот за правда

-мнозинство од членовите на Управниот одбор

-изборот на нов член на Управниот одбор се врши по претходно спореведена постапка согласно овој статут.

**3.Претседател на Комората**

**Член 10**

Претседателот на Комората воедно е Претседател на Управниот одбор. Претседателот на Комората ја застапува и претставува Комората. Во случај на негова спреченост должноста ја врши потпретседателот на Комората, а во случај на негова спреченост најстариот член на Управниот одбор.

Претседателот на Комората:

- ја претставува и застапува комората;
- се грижи за законитоста на работата на Комората;
- ги извршува одлуките на Собранието и на Управниот одбор;
- посредува со решавање на споровите меѓу проценувачите;
- потпишува налози за исплата од сметките на Комората и
- врши други работи предвидени со Статутот.

Управниот одбор може да го овласти претседателот на Комората во итни случаи самиот да врши одредени работи од негова надлежност. Претседателот на Комората е должен за секое такво преземено дејство да го извести Управниот одбор и да побара одобрение за преземеното дејство. Недавањето на дополнително одобрение не влијае на важноста на правната работа спрема трети лица.

Претседателот на Комората и членовите на Управниот одбор кои ја вршат својата функција не добиваат награда за работата, а имаат право на надомест на

реалните трошоци што ги имаат во врска со вршењето на функцијата. Одлуката за тоа ја донесува Управниот одбор.

Управниот одбор донесува внатрешен акт за висината и надоместокот на патните и другите трошоци.

Член 11

Функцијата на претседател на Комората ќе престане:

- со истек на мандатот
- по сопствено барање со поднесување на оставка
- со престанување на членството во Комората односно бришење од соодветниот регистар
- во случај на трајна спреченост, и
- во други случаи предвидени со закон.

**4.Надзорен одбор**

**Член 12**

Надзорниот одбор:

- врши самостојно контрола над законитото работење на Комората од областа на материјално-финансиското и сметководственото работење на Комората;
- врши периодични контроли над работењето на сметководствено-финансиското работење на Комората;
- дава мислење на Управниот одбор за составување на завршната сметка на Комората;
- дава мислење за извештајот за работа на Комората за изминатиот период до Управниот одбор;
- поднесува извештај за извршената контрола до Собранието;
- дава напатствија и заклучоци за материјално-финансиското и сметководствено работење на органите и телата на Комората,
- предлага план за финансиското работење на Комората за наредната година на Управниот одбор.
- се грижи за редовна и навремена достава на извештаи за материјално-финансиското работење до надлежните органи и институции,и
- -врши и други работи од своите надлежности согласно со овој закон.

Надзорниот одбор е составен од тројца членови, кои се избираат на седница на Собранието со мандат од две години и можност на уште еден реизбор.

На првата конститутивна седница на Надзорниот одбор се избира Претседател на Надзорниот одбор од неговите членови, кој ја организира работата на Надзорниот одбор.

За својата работа Надзорниот одбор одговара пред Собранието.

**Комисија за ревизија на процена**
**Член 13**

Комисијата за ревизија на процена ( во натамошниот текст: Комисија за ревизија ) се состои од пет членови и нивни заменици.

Управниот одбор од редот на членовите на Управниот одбор го именува претседателот на Комисијата за ревизија и неговиот заменик.

Управниот одбор со ждрепка избира еден член на Комисијата за ревизија и негов заменик од редот на проценувачите евидентирани во Збирниот регистар на Комората за соодветната област за која е поднесено барањето за ревизија на процена, а тројца членови и нивни заменици ги именува надлежниот министер.

Член на Комисијата за ревизија не може да биде проценувач чија процена е предмет на барањето за ревизија на проценката, ниту проценувач вработен кај овластен проценувач.

Комисијата за ревизија донесува одлука во рок од 15 дена од денот на поднесеното барање за ревизија на процена.

Ако во одлуката на Комисијата за ревизија е констатирано дека проценката е извршена со непочитување на стандардите за процена, злоупотребени се информации или постои конфликт на интереси, Комисијата за ревизија е должна истовремено со донесувањето на одлуката да достави и пријава за поведување на дисциплинска постапка до Управниот одбор.

Подносителот на барањето за ревизија на процена е должен да ги авансира трошоците за ревизијата на процена на сметката на сопствени приходи на Комората.

На подносителот на барањето за ревизија на процена му враќаат уплатените авансни трошоци за ревизија на проценката, доколку против одлуката на Дисциплинската комисија со која е изречена дисциплинска мерка а овластениот проценувач не е изјавена жалба или по изјавената жалба надлежниот министер донел одлука со која ја потврдил одлуката на Дисциплинската комисија.

**Дисциплинска комисија**
**Член 14**

Дисциплинската комисија:

- го следи професионалното однесување на членовите на Комората, особено придржувањето кон Законот за процена, актите на Комората, како и Кодексот на етика на проценувачите;

- ја спроведува дисциплинската постапка по пријава на заинтересирано лице;
- води евиденција на изречени дисциплински мерки;
- одлучува за поведување на дисциплинска постапка, и
- донесува дисциплинска мерка во прв степен.

Дисциплинската комисија е составена од пет членови и нивни заменици, од кои двајца се проценувачи од соодветната област од листата на проценувачи за можни членови на Дисциплинската комисија избрани на Собранието, а тројца членови и нивните заменици ги именува надлежниот министер.

Поблиските одредби за спроведување на дисциплинската постапка се регулираат со Правилникот за дисциплинска постапка и Деловникот за работа на Дисциплинската комисија.

**Поведување на дисциплинска постапка**
**Член 15**

Дисциплинската постапка се поведува секогаш кога е поднесена пријава од заинтересирано лице до Комората.

Управниот одбор ја разгледува пријавата и формира Дисциплинска комисија.

Дисциплинската комисија при своето работење и одлучување е независна, а за својата работа одговара пред Управниот одбор.

Дисциплинската комисија изготвува годишен извештај и го доставува на усвојување до Собранието.

**Стручна служба на Комората**
**Член 16**

Административно-техничките и стручни работи од делокругот на работењето на Комората ги извршува Секретарот на Комората (во натамошниот текст: Секретар).

Секретарот заснова работен однос со Комората преку склучување на договор за вработување на неопределено време.

Управниот одбор го избира Секретарот по спроведен јавен оглас.

Управниот одбор формира Комисија за избор на Секретар, која го спроведува огласот и предлага кандидат/и за избор на Секретар до Управниот одбор.

Секретарот покрај општите услови за засновање на работен однос, треба да ги исполни и следниве услови:

Да биде дипломиран правник/економист со завршено четиригодишно високо образование правни/економски студии или дипломиран правник кој студирал според Болоњскиот систем и се има стекнато со минимум 300 кредити според европскиот кредит-трансфер систем, и има најмалку две години работно искуство по

дипломирањето на правни/економски работи. Комората заради зголемен обем на работа може да формира стручна служба. Составот, бројот и структурата на стручната служба ја утврдува Собранието со посебна одлука, по предлог на Управниот одбор.

Секретарот ја организира и раководи со стручната служба на Комората и за својата работа одговара пред претседателот на Комората.

## IV. ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

### Член 17

Претседателот на Управниот одбор ако утврди дека овластениот проценувач навремено не го продолжил осигурувањето од одговорност за штета или уредно не ја плаќа членарината на Комората, во рок од осум дена писмено го известува овластениот проценувач.

Ако овластениот проценувач не постапи во рок од осум дена од приемот на писменото исвестување од ставот (1) на овој член, Претседателот на Управниот одбор е должен во рок од три дена по истекот на рокот од овој став да достави предлог за одземање на лиценцата на овластениот проценувач до надлежниот министер.

## V. КОНТРОЛА НАД РАБОТЕЊЕТО НА КОМОРАТА

### Член 18

Министерството за Правда најмалку еднаш годишно врши контрола над работењето на Комората (во натамошниот текст: контрола).

Контролата ја вршат лица овластени од страна на министерот за правда.

Контролата се врши во присуство на претседателот на Комората или од него овластено лице.

Претседателот на Комората или од него овластено лице е должен да овозможи непречено вршење на контролата од страна на лицата од ставот (2) на овој член.

Контролата се врши во однос на:

- водењето на Збирниот регистар на Комората;
- донесувањето на актите на Комората;
- донесувањето на програмите за работа на Комората;
- донесувањето на програмите за обука;
- спроведувањето и евидентирањето на дисциплинските постапки;
- извршувањето на правосилните одлуки на Дисциплинската комисија и
- евиденција на Комората за извршените процени и ревизија на процени.

## VI. КОНТРОЛА НАД РАБОТАТА НА ОВЛАСТЕНИТЕ ПРОЦЕНУВАЧИ

**Член 19**

Собранието, согласно програмата за контрола над работата на овластените проценувачи, изготвува предлог-листа за можни членови на Комисијата за вршење на контрола над работата на овластените проценувачи (во натамошниот текст: Комисија за контрола) и нивни заменици, која ја доставува до Управниот одбор.

Управниот одбор од предлог-листата од ставот (1) на овој член формира Комисија за контрола, составена од најмалку тројца проценувачи.

При формирањето на Комисијата за контрола, Управниот одбор е должен да води сметка најмалку двајца членови од Комисијата за контрола да бидат од областа на процената за која е лиценциран овластениот проценувач кај кого се врши контрола над работата.

При контролата над овластениот проценувач од страна на Комисијата за контрола, задолжително е присутно одговорното лице на овластениот проценувач кај кого се врши контролата.

Комисијата за контрола за извршената контрола над работата на овластениот проценувач составува записник, кој го доставува до овластениот проценувач и Комората.

Контролата над работата на овластените проценувачи опфаќа:

- воспоставен систем на внатрешна контрола на овластениот проценувач;
- почитувањето на одредбите од законот, Кодексот на етика на проценувачите и другите акти определени со Законот за процена;
- ажурното водење на предметите на процена;
- евиденцијата за извршените процени;
- навременото известување од овластените проценувачи за промените во врска со податоците во регистарот, и
- евиденцијата за посетеност на задолжителната континуирана обука.

**Член 20**

Поблиски одредби за работењето на Комисијата за контрола се урдени со Деловникот за работа на Комисијата за контрола.

## VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА КОМОРАТА

**Член 21**

Комората на проценувачи работи на принцип на самофинансирање, а основен извор за прибирање на средства е годишната членарина која се плаќа однапред за тековната година.

Висината на членарината се уредува со посебна одлука, која ја донесува Собранието, по предлог на Управниот одбор, согласно закон.

Комората може да обезбедува и дополнителни извори на приход остварени од обуки за континуирана едукација во врска со проценувачката проблематика, донации од институии, како и од издавање стручни информации или периодични гласила на Комората.

Примањето на донации го одобрува Управниод одбор.

## VIII. ПРЕСТАНОК НА КОМОРАТА

**Член 22**

Комората престанува со работа:

-со одлука на Собранието;

-со намалување на членството под 20 овластени проценувачи; и

-во други случаи предвидени со закон.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на Комората
на проценувачи
Претседавач,
Славица Спироска